# МАНИФЕСТ
## ЗА СОЦИЈАЛДЕМОКРАТИЈА

Кандидат за претседател на СДСМ

СЛАВЈАНКА ПЕТРОВСКА

**Почитувани другарки и другари, мои социјалдемократи,**

Ова мое обраќање до вас е вовед во Манифестот за социјалдемократијата, мојата програма за четиригодишниот мандат за кој барам поддршка од вас.

Мојата биографија и лична и професионална ќе ја најдете во прилог на оваа програма, а многумина од вас ќе ги препознаат моите активности затоа што заедно сме биле дел од нив. Во февруари оваа година наполнив 24 години партиски активизам, посветеност, лојалност кон најважното – социјалдемократијата. И затоа велам дека јас сум социјалдемократ и по убедување и по дејствување.

Кога седнав да го пишувам ова мое обраќање кон вас, низ главата ми поминаа десетици случки. Почнувајќи од референдумот за осамостојувањето на Македонија во 1991 година, пропратен со говорот на нашиот прв претседател Киро Глигоров, радоста која се излеа низ целата држава затоа што сонот на Илинденците и Асномците стана јаве. Тогаш имав 9 години, не разбирав политика, но радоста и еуфоријата во мојот дом ми кажуваа дека нешто големмо, нешто значајно, нешто историско се случило за мојата татковина. Ги паметам зборовите на мојот татко „Ова е голем ден, светол ден“. Бев дома кога се случи атентатот врз претседателот Глигоров, беа откажани сите часови, а моите родители порано се вратија дома. Тој преживеа, преживеа и Македонија.

Го паметам и поразот во 1998ма година. Таа кампања ја паметам по стиховите од една убава македонска песна „Многу дни пребродивме ние, како чун на немирно море, насмеј се на ветерот што бие, љуби ме и главата горе“. СДСМ изгуби, но не исчезна, затоа што не исчезнаа вистинските социјалдемократи.

Следуваа 4 години опозиција и за жал сведоци бевме на воен конфликт, уставноста и територијалниот интегртитет на Македонија беа загорозени. Многу човечки животи беа загубени, многу припадници на македонските безбедносни сили ги положија своите животи бранејќи не нас, бранејќи ја Македонија. Иако тогаш бевме опозиција, СДСМ се соочи со најважната задача, да ја сочува Македонија. Беше донесена политичка одлука да се биде дел од Владата предводена од ВМРО-ДПМНЕ затоа што тоа беше за доброто

на Македонија. Проф.д-р Илинка Митрева, проф.д-р Владо Бучковски и Илија Филиповски беа наши министри во Владата. Конфликтот заврши со потпишување на Охридскиот рамковен договор. Македонија преживеа.

Во 2002та година се одржаа Парламентарните избори, на 15ти септември. СДСМ победи. Победи и Македонија, бидејќи за само 3 години по конфликтот со мудра и државничка политика станавме земја кандидат за членство во Европската унија. Во 2005тата се донесе новата територијална поделба, која заедно со уште неколку погрешни политики допринесе СДСМ да ги изгуби Парламентарните избори. СДСМ изгуби, изгуби и Македонија 11 години од својата независност. Семејни стебла се пренесоа во институциите, корупцијата стана секојдневие, слободата на мислата и говорот беа загрозени и згазени, режимот владееше. Во тие 11 години губеше и СДСМ, внатрешни избори, спротиставени табори, лични интереси, византиски игри. Се случи и 24 декември 2012та година. За прв пат во една демократска држава влата фрлаше и влечеше пратеници во Парламентот. Но, СДСМ застана на нозе, силна и моќна да биде предводник на рушењето на режимот. Беше тешко, мачно, но и опасно. Спиевме во шатори пред Влада, протестиравме по улиците, баравме правда и мир. Се закануваа со апсења, со притисоци, вршеа поткуп, но не успеаа да ја задржат власта, затоа што народот така одлучи. Се случи и 27ми април, 2017та година. Бев во Собрание, како вработена. Се криевме во полуподрумски простории, влегуваа специјални единици да не евакуираат, добивавме пораки што се случува и дали сме живи. Преживеавме, преживеа и Македонија, преживеа и СДСМ. Формиравме политичка Влада, со ентузијазам, визија и волја Македонија да биде подобро место за живеење за сите. Ветувањата не беа големи, беа реални, искрени, но не успеавме да ги оствариме сите како што ветивме. Во битката за подобра и стабилна иднина, во време на носење на големи државнички одлуки, превземање храбри и историски чекори, го испуштивме другарството, ја изгубивме социјалдемократијата. Лажни вредности даваа лажни надежи. Локалните избори 2021 година не опоменаа, но тогаш се немаше храброст да се направи сериозен рез.

Очигледно дека заминувањето на Зоран Заев само по себе не беше решение, туку само купување време. Се промени само претседателот, но не се променија однесувањата кои ни штетеа. Во 2024та година СДСМ е поразен, историски поразен.

Но духот на социјалдемократијата е жив. Жива е вербата и надежта дека СДСМ ќе се исправи, ќе се врати кон социјалдемократијата. Ќе ни треба време, но немаме многу и затоа час поскоро да започнеме да се менуваме, за да не исчезнеме.

Овој Манифест е повик за сите социјалдемократи, чесни и храбри, одлучни дека социјалдемократијата повторно ќе победи. Но за да победиме, треба да се вратиме таму од каде што започнавме, да се потсетиме на заветот што го дадовме и да продолжиме каде што застанавме.

Социјалдемократскиот сојуз на Македонија ќе успее!

*Искрено ваша,*

*Славјанка Петровска*

*“Ако сакаш да стигнеш побрзо, оди сам.*

*Ако сакаш да стигнеш подалеку, ќе одиме заедно“*

Неодговорниот почеток на владеењето на ВМРО-ДПМНЕ ни дава за право да бидеме загрижени дека Република Северна Македонија повторно ќе западне во меѓународна изолација и дистанцирање, што пак од друга страна ќе биде поволно за власта, бидејќи само така ќе можат да продолжат со чекорите онаму каде што застанаа во 2017-та година. Во време на сериозни глобални предизвици, во време на економски и политички неизвесности Северна Македонија мора да продолжи да придонесува за регионалната стабилност и безбедност и да биде пример за напредок и интеграција. И токму затоа е важно во Македонија да имаме силна и стабилна опозиција, која ќе биде сериозно предупредување за неодговорната власт. За да го постигнеме овој политички предизвик, нужно потребно е во СДСМ да се спроведе реорганизација и реформа која ќе и овозможи на партијата обединување, зацврстување на идеолошкото дејствување и создавање предуслови за издигнување на партиска структура која се заснова на чесност, посветеност и лојалност.

Часовникот започна да отчукува и затоа:

**Приоритет број 1** по мојот избор за Претседателка на СДСМ ќе се спроведе и избор и именување на органи на партијата подготвени да сработат за членството и партијата.

*Како ќе се изберат?* Врз основа на критериуми за чесност, одговорност и посветеност. Затоа ќе предложам ***постапка за ветинг, проверка*** на кандидатите за членови на раководството.

*Рок:* јули/август 2024

**Приоритет број 2** ќе биде воспоставување на оперативно раководство, кое нема да седи на Бихаќка туку ќе биде меѓу членството. Ќе предложам 5 потпретседатели, од кои тројца ќе бидат оперативни, односно ќе бидат задолжени за определен број на општински организации. Тие ќе потекнуваат од регионите за кои ќе бидат задолжени.

*Како ќе се изберат?* На предлози на општинските организации.

Останатите двајца потпретседатели ќе бидат задолжени за соодветни секторски политики, при што едниот ќе биде на предлог на Социјалдемократската младина на Македонија, а другата на предлог на Форумот на жени на СДСМ.

*Рок:* јули/август 2024

**Приоритет број 3** ќе биде изработка на критериуми за назначување или избор на одредена функција. Овие критериуми ќе бидат дефинирани во широк консултативен процес со членството.

*Рок:* јули/август 2024

**Приоритет број 4** ќе биде подобрување на комуникацијата во органите и телата на партијата. Редовни состаноци на месните организации на кои задолжително присуство ќе се бара од членовите на раководството. Со ова ќе се зголеми и дисциплината на раководството. Отворена комуникација е клучот преку кој верувам дека ќе ги надминеме сите предизвици.

*Рок*: почеток јули, континуирано

**Приоритет број 5** е нов, социјалдемократски, современ статут на партијата. Статут кој ќе препознава политички процеси, наместо администраивни процедури и кој ќе одговори на предизвиците на современата социјалдемократија.

*Рок:* август/септември

*„Со правилен пристап секој проблем станува предизвик,*

*а секој предизвик прерасува во успех“*

Дали предизвиците ќе станат проблеми или успеси зависи од нас. Јас одбирам да бидат успеси и затоа ве предизвикувам заедно да ги претвориме во успех следниве предизвици:

***Враќање и зацврстување на социјалдемократијата,*** преку воспоставување на задолжителна *Академија за социјалдемократија*, која ќе овозможи политичка едукација и континуирано градење на политички потенцијал.

***Фер и праведен избор на кандидати за пратеници и советници.*** Изборот на кандидати ќе биде широк процес во кој ќе учествуваат сите членови на СДСМ, а не само одбрана група од централното раководство. Овој процес ќе овозможи вклучување, а не исклучување од одлучувањето на членовите на партијата, они кои секогаш го носат најголемиот товар во време на изборни кампањи и партиски активности.

***Повеќе демократија за подобри одлуки.*** Во минатото многу често се носеа одлуки од органите на партијата во име на членовите, а притоа не постоеше механизам како да се испита мислењето или ставот на членството. Токму затоа ќе воведеме нов инструмент наречен ***референдумско изјаснување*** за прашања кои заедно ќе ги определиме како суштински за партијата.

***Само силен СДСМ може да биде победнички СДСМ*** и затоа ќе го вратиме дијалогот со различните целни групи и ќе создадеме консултативно тело во кое право да членуваат ќе имаат претставници на граѓански организации кои во своето делување ги споделуваат политиките за кои СДСМ се залага.

***Партнерство со сестрински партии.*** Меѓусебната поддршка во семејствата на партии кои делат иста идеолошка определба е многу важна и затоа ќе се стремиме кон воспоставување на стратешки партнерства со сестрински партии со кои заедно ќе се развиваме и ќе подготвуваме структура и систем за подготвени да настапиме на следните Парламентарни избори во 2028ма година.

*“Добар план кој со притисок е извршен сега,*

*е подобар од совршениот план изведен следната недела.“*

Почитувани другарки и другари социјалдемократи, во овие неколку страници прочитавте за итните приоритети кои мора да се спроведат ако сакаме партијата да остане жива и да пркоси на предизвиците.

И тие приоритети и планови ќе бидат дополнети и приспособени согласно политичките околности, но отстапување од идеологијата нема да има. После голем пораз не смее да има непринципиелни коалиции, затоа што тоа само ќе го зголеми товарот и ќе го забрза потопувањето. Разговорот со секого, но коалиција внимателно одбрана, ќе биде начелото на идното коалицирање во рамките на изборните процеси.

Мојот завет даден пред вас е дека никогаш нема да заборавам каде сме и каде треба да стигнеме. И затоа на следните локални избори во 2025 година ќе освоиме подобар резултат, а на Парламентарните избори во 2028 година ќе победиме.

И затоа најважното допрва доаѓа, а тоа е да го исцртаме патот до победата. И затоа овој Манифест за социјалдемократијата нека биде повик до сите членови и поддржувачи кои се тука, кои ја сакаат СДСМ, но и до оние кои токму заради непринципиелните однесувања на поединци разочарани се оддалечиле, но и нив подеднакво им е важен СДСМ. Заедно, обедините, ослободени од товарот на минатото да ја напишеме и спроведеме Стратетијата за победа на СДСМ.

СДСМ ќе победи, Македонија ќе победи.